Влада на Република Северна Македонија

- Агенција за управување со одземен имот -

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONËN E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 01-3/9
15.09.2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# П Р А В И Л Н И К

## за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Агенција за управување со одземен имот

Врз основана член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19, 14/20 и 208/24) и член 21 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („ Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24, 37/25, 86/25, 101/25, и 135/25 и 132/26), Директорот на Агенција за управување со одземен имот, на ден 15.09.2026 година донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Агенција за управување со одземен имот

### Член 1

Со овој Правилник се изменува и дополнува Правиникот за внатрешна организација на Агенција за управување со одземен имот Бр.01-3/4 од 30.06.2026 година и тоа во член 4 во делот на ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/14, 37/25, 86/25, 101/25, 135/25, по бројот 135/25 се додаваат бројките 132/26 и 212/26).

### Член 2

Во делот II Вид и број на организациони единици во членот 6, точка 5, зборовите :„Одделение за стратешко планирање и меѓународна соработка, се заменуваат со зборовите Одделение за меѓународна соработка, стратешки развој и човечки ресурси".

### Член 3

Во делот III Делокруг на работа на организациските единици во членот 7, точка 5, зборовите Одделение за стратешко планирање и

меѓународна соработка, се заменуваат со зборовите  Одделение за меѓународна соработка, стратешки развој и човечки ресурси“..

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

Бр.01-3/9______________

15.09.2026 година

ДИРЕКТОР

Ирена Илиевска


ДИРЕКТОР
Управен одбор
Сектор за правни и општи работи
Сектор за преземање , евиденција и чување на одземен и конфискуван имот
Сектор за управување и продажба на одземен и конфискуван имот
Сектор за финансиски прашања
Одделение за меѓународна соработка, стратешки развој и човекки ресурси
Одделение за извршување на одлуки и правни работи
Одделение за општо-административни и технички работи
Одделение за преземање и евиденција на имот
Одделение за чување и одржување на имот
Одделение за управување со одземен имот и социјална ре-употреба
Одделение за продажба и уништување на одземен и конфискуван имот
Одделение за буџет и набавки
Одделение за сметководство и плаќања